Проф. др. Христо Карталов

# СТАВОВИТЕ НА МАКС ВЕБЕР ЗА ДУХОТ НА КАПИТАЛИЗМОТ

Претенциозниот наслов што го употребувал и самиот Вебер - духот на капитализмот, секако не може да се сфати и дефинира на самиот почеток на овој осврт. За целосно склопување на елементите од тој мозаик е неоходно да се наведат повеќе аргументи, па и тогаш наместо дефинирање ќе треба многу повеќе за тој да се сфати како провизорна илустрација на се онаа што под поимот „дух" на капитализмот се подразбира.

Епохата на капитализмот не наликува ниту на една друга претходна епоха. Во релативно краток временски период, краток во историска смисла, светот се менуваше побрзо, попостојано и посуштински отколку во текот на било која епоха порано. Се чини освен тоа што темпото на промените и натаму се забрзува, можеме да очекуваме и понатамошни динамични и драматични промени уште во текот на нашите животи.

Таму каде што тој економски систем пушти корени, ниту еден сегмент од општеството не остана непроменет: дојде до енормен пораст на продуктивнсота на трудот, на потрошувачката и подобрување на животниот стандард на луѓето, се случуваат промени во нашите семејни животи, технолошки пробиви, се изврши прераспределба на моќта, прераспределба на богатството, но, се случуваат промени и со нашите идеали и верувања.

Бидејки непрекинато сме соочени со промените, можеме промените на поединецот и општеството да ги третираме како нешто природно, нормално и секако благотворно. Но сепак, во историска релација, може да се докаже дека инерцијата и традиционализмот, а не промените, преставувале одлика на поранешните економски системи.

Отаму, опседнатоста на Макс Вебер со духот на капитализмот, доаѓа токму од самиот интензитетот и длабочината со кои е зафатено општеството а што ги предизвикува капиталистичкиот и пред сѐ економскиот систем.

Имено, за да се сфати сето тоа неопходно е да се има во предвид времето во кое живее и делува Макс Вебер (крајот на 19 и почетокот на 20 век), време во кое капиталистичкиот економски систем се развива и зема полн замав во Германија. Тој како систем веќе е развиен и докажан со промените уште во почетокот на 19 век во В. Британија и во средината на 19 век во САД, но, сега одново сето тоа се случува пред очите на Вебер во Германија. Се трансформираат и потиснуваат не само преткапиталистичките традиционални облици на производство и стопанисување, туку и вредностите и верувањата дека сѐ тоа се менува под налетот на „духот на капитализмот" .

„Традиционалното стопанство, ако гледаме на духот со кои биле обземени претприемачите: традиционалниот начин на живот, традиционалната висина на профитот, традиционалната мерка на трудот, традиционалниот начин на стопанисување и односот кон работниците и суштински традиционалниот однос кон муштериите, традиционалниот начин на стекнување на муштерии и продажбата на стоката - владееле со стопанисувањето, се наоѓале како што може да се каже - во основата на „етосот" на овој круг на претприемачи."

Но, „денешниот капиталистички стопански поредок како што вели Вебер, е еден огромен космос во кој, поединецот се раѓа и кој на него како поединец му е даден како непроменлива куќа, во која тој треба да живее. Тој на поединецот, доколку е нераздвојно поврзан за пазарот, му наметнува норми на неговото стопанско делување. Фабрикантот кој трајно работи против овие норми, исто така економски ќе биде елиминиран како што и работникот кој не може, или не сака да се прилагоди бива исфрлен на улица. Денешниот капитализам кој во стопанскиот живот дојде на власт, ги одгледува и создава за себе по пат на економска селекција стопанските субјекти - претприемачите, но и работниците - кои му се потребни."

„Под конкурентската борба... исчезнуваат идеалите, се стекнуваат значителни имоти, кои не се даваат за камата, туку постојано се инвестираат во работа - бизнисот, стариот удобен и угоден начин на живот пред таа строга трезвеност се повлекува, се појавуват оние кои не сакат да трошат, туку да заработат. И што тука ... приливот на нови - свежи пари не е оној што го предизвика тој преврат...- туку новиот дух, духот на капитализмот кој настапува."

Обидувајки се да ги определи битните одлики на капиталистичкото општество, Вебер во основа поаѓа од неговата стопанска структура од фундаментот, од стопанската клетка т.е. од претпријатието. Во

своите анализи тој открива дека капиталистичкото претпријатие го одликуваат најмалку две одлики (карактеристики) во однос на производствените единици во предходните стопански системи. Првиот елемент е рационалноста. Капиталистичкото претпријатие и капиталистичкото стопанство воопшто, се рационални и затоа и работните и производствените процеси организирани кај нив се економични и ефикасни. Основната цел на стопанисувањето е профитот, односно производството е организирано во работни и производствени процеси на што порационален и поефикасен начин. Сé останато е подредено на таа цел. Ваквото производство бара, стручно знаење и квалификации од работниците и тоа колку се тие повисоки толку е подобро. Од таму произлегува втората карактеристика на капиталистичкото производство: власта на стручњаците, која го заменува аматеризмот и некомпетентноста кај лицата што управуват и раководат со претпријатијата. Ваквата тенденција во претпријатието но и пошироко во општеството доведува до еден вид власт на бирократите. Иако таа моќ на бирократите во времето на Вебер, не била така силно изразена, тој сепак брилијантно ја предвидел како основна окосница на развојот во управувањето со современите претпријатија - корпорации, што ќе води до сé поголема бирократизација и технократизација (Радомир Лукиќ).Тие две темелни одлики на капиталистичкото претпријатие потаму се прошируваат и врз целото општество давајќи му така на капиталистичкото општество белег на рационално општество кое во голема мерка е бирократизирано. Поединецот во таквото општество постапува рационално, затоа што тоа станува негова основна вредност и идеал - рационалното однесување е идеал кон кој тежнее западниот човек во капиталистичкото општество.

Согледувајки ги сите предности на рационалното општество, и неопходноста од стручњаци во општествениот и економскиот развој што во крајна линија водат до бирократизација тој сепак, овие појави критички ги просудува, така што неговата критика поаѓа од стојалиштето на слободата и хуманизмот на вистинскиот човек како рационално суштество. Но и покрај тој факт, Вебер сепак согледувал дека капиталистичкото општество не постигнало полна рационалност па поради неговата класна структурираност, тоа не е во состојба во потполност неа да ја постигне. Главната причина поради која често рационалноста преминува во ирационалност, е тоа што во општеството постои судир помеѓу општеството како целина и одделни негови делови од една и поединецот од друга страна, кои често ги имаат спротивставено групните и поединичните интереси. Додека деловите

на општеството што се организираат рационално, дотогаш нивните спротивставени интереси доведуваат до ирационална организација на општеството како целина па дури му се заканува и самиот опстанокот на човекот и општеството. Имено, Вебер постојано ја потенцира стихијноста во развојот на општеството: „луѓето сакаат едно а постигнуваат нешто што е сосема спротивно". Тој исто така го согледал и дострелот на бирократијата но и укажувал на моментот кога таа се заканува да ја загрози слободата и достоинството на човекот.

Од согледувањето за рационалноста како основна карактеристика на капиталистичкото општество доаѓа и Веберовата мисла за влијанието на протестантизмот, односно на неговата етика, типично рационалистичка, врз развојот на капитализмот. Сосема е разбирливо што Вебер изворите на рационалноста ги потражил во рационалноста на протестантизмот, бидејќи таа рационалност е од идентичен вид.

Спротивноста која се јавува во стопанскиот живот помеѓу католиците и протестантите тој ја изразува на следниот начин: "Католикот е помирен, со помала смисла за стопанисување, тој полага многу повеќена една побезбедна кариера со помали приходи, отколку на опасниот возбудлив живот кој евентуално носи чест и богатство. Во народот шеговито се вели: или добро да јадеш или мирно да спиеш. Во случајов протестантот сака добро да јаде, додека католикот сака мирно да спие.

Вебер многу конкретно укажува, како протестатантската етика влијаела врз развојот на капитализмот. Поголемиот број на протестантите во однос на католиците меѓу првите капиталисти е несомнен доказ, (иако тоа во голема мерка било подоцна оспорувано), иако тој тоа не го смета за единствен доказ. Имено тој доказ Вебер го наоѓа во содржината на протестантската етика на трудот. Имено според Калвин, Господ е претходно предодреден во однос на секој човек. Дали човекот ќе ужива постојана милост или постојано ќе пати како судбина зависи од Бога и човекот тука ништо не може да промени. Но, може барем да знае, каква судбина му е предодредена доколку има успех во својот позив, занимање. Значи дали спаѓа во одбраните поединици. Поради тоа секој треба да ја работи својата работа во слава на Бога на најдобар, т.е. најрационален начин. Тоа се однесува подеднакво на капиталистите како и на работнците. Богатството што ќе се стекне не треба да се употребува во полза на лично уживање туку за развојот на работата - бизнисот на капиталистите, што ќе рече да се акумулира капитал. Отаму според Вебер, произлегува дека ваквиот морал создава соодветен народен карактер кој е подобен за развојот на капитализмот.

Она што современиот капитализам му го наметнува на поединецот е неговата должност кон позивот, кон професијата. Таа должност ја чувствува и мора да ја чувствува према содржината на својата професионална дејност, без оглед во што се состоела таа, како искористување на неговата работна сила или само на неговото поседување на стварните добра - како капитал. Оваа социјална етика е битна за разбирањето на капитализмот.

Несомнено дека во одредено време и во соодветни средини, ваквата етика придонела да се развие самопрегорот за штедење и акумулацијата на капиталот, потребна за рационализација на капиталистичкото стопанство, како што сето тоа Вебер го докажува. Меѓутоа и самиот тој, истакнувал и укажувал на ограниченото дејство на тоа влијание, бидејќи бил сосема далеку до тврдењето дека капитализмот настанал единствено на тој начин. Тој имено, во основа тврдел дека основните чинители за појавата на капитализмот се економски а не морални. Бенџаминовата максима „времето е пари“ сѐ поголемото стекнување на пари, должностите на професијата, сѐ тоа биле реални претпоставки но и пречки низ кои „духот на капитализмот“ морал да се пробива. Тука биле несомнено, традиционализмот, воведувањето на акордниот труд т.е. акордната плата во претпријатијата како нужна алка во совладувањето на тие пречки.

Врз основа на неговите расправи за протестантската етика и духот на капитализмот, може да се извлече заклучокот, дека во односот на изградбата на една општа теорија за развојот на општеството, е неспорниот факт дека и самите идеи, па дури и верските и моралните, значително придонесуваат и влијаат на тој развој. Тој вели: “Секој обид на такво објаснување (дека капитализмот настанал со делувањето на протестантизмот односно на неговоата етика како основен чинител - на капитализмот како на рационален стопански систем), мора во согласност со основното значење на стопанството, пред се да ги има во предвид економските услови. Но тој не смее да не обрне внимание и на спротивната причинско - последична врска. Бидејки исто како што зависи од рационалната техника и рационалното право, економскиот рационализам во своето пројавување зависи и од способноста и од диспозицијата на луѓето за определен вид на практичен-рационален живот воопшто“. На едно друго место за влијаните на реформацијата врз развојот на капитализмот тој ќе каже: „ Од друга страна, не треба воопшто да се застапува една будалесто - доктринарна теза (токму таа на мене... постојано ми беше подметнувана) како што е тезата дека „капиталистичкиот дух“ ... можел да се појави само како

еманципација на извесни влијанија на реформацијата или, дури и дека капитализмот како стопански систем е творба на реформацијата. Самиот факт, дека извесни важни облици на капиталистичкото делување се многу постари од самата реформација".

„Економскиот рационализам" како основна потпора на модерното стопанство, и тоа пред се преку ширењето на продуктивноста на трудот, огранизацијата на процесите на производство на научна основа, разионализацијата на подрачјето на техниката и економиката, без сомнение придонеле да се оствари еден важен дел на животните идеали на граѓанското општество. Отаму „капиталистичкиот дух" едноставно може да се сфати како појава во севкупниот развој на рационализмот и дека тој мора да произлезе од неговиот принципиелен став кон крајните проблеми на животот.